ДОМ НА МЛАДИТЕ „25 МАЈ“ — СКОПЈЕ, ГАЛЕРИЈА

# ДИМЧЕ
# ИСАИЛОВСКИ

СЛИКАР

25.3/7.4

'86

ДИМЧЕ ИСАИЛОВСКИ

Роден е 1960. г. во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје — отсек сликарство во 1985. во класата на проф. Димитар Кондовски. Член е на ДЛУМ од 1985.

Адреса: Бул. Партизански одреди 133-I/16, Скопје
тел. 091-257-675

Групни изложби:

| | | |
|---|---|---|
| 1982—1985. | — | годишни изложби на студентите на ФЛУ Скопје |
| 1983. | — | „Млади ликовни творци" — Скопје, Кавадарци |
| 1985. | — | „Наши достигања 1985" — Скопје, Кочани, Прилеп |
| | — | Изложба на група студенти на ФЛУ Скопје — Галерија ФЛУ Београд |
| | — | 40 години ДЛУМ, годишна изложба, Скопје |
| | — | ДЛУМ — цртеж, Скопје |
| | — | Сликарство од мал формат — Скопје |

Самостојна изложба:

1986. Галерија на Домот на младите „25 Мај" — Скопје

КАТАЛОГ:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| .1 | Портрет на тажна девојка, | 1985. | комб. тех. | 52 x 67 см |
| 2. | Виолинист, | 1985. | комб. тих. | 126 x 220 |
| 3. | Миг, | 1985. | комб. тех. | 100 x 200 |
| 4. | Постојаност, | 1985. | комб. тех. | 150 x 230 |
| 5. | Во потрага по себе, | 1985. | комб. тех. | 100 x 100 |
| 6. | Уморниот свирач, | 1985. | комб. тех. | 115 x 140 |
| 7. | Борба за . . ., | 1985. | комб. тех. | 100 x 200 |
| 8. | Укажание, | 1986. | комб. тех. | 115 x 199 |
| 9. | Етида V, | 1986. | комб. тех. | 99 x 78 |
| 10. | Етида VI, | 1986. | комб. тех. | 196 x 86 |
| 11. | Етида VII, | 1986. | комб. тех. | 130 x 124 |
| 12. | Етида Macedonica | 1986. | комб. тех. | 143 x 73 |
| 13. | Етида brava | 1986. | комб. тех. | 198 x 66 |
| 14. | Одалиска прима, | 1986. | комб. тех. | 110 x 86 |
| 15. | Одалиска секунда, | 1985. | комб. тех. | 120 x 190 |
| 16. | Уморни сеќавања, | 1986. | комб. тех. | 200 x 270 |

Тоа што е основа врз која Исаиловски ја гради естетиката на својот ликовен израз во суштината содржи неколку компоненти. Тој во градењето на структурата поаѓа од деколажот. Колажот во овој случај ја нема својата основна определба, напротив, спонтаноста на неговото настанување е токму тоа неинсистирање на него. Колажот не е композиција, туку производ на деструкција — создаден е како остаток или фрагмент на безброј прекинувања или почетоци кои како полиморфна структура избиваат на површината градејќи конфузен сплет на слоеви. Неслучајно тоа се слоеви, бидејќи секоја поединечна површина е носител на некоја порака. Тука ја допираме надградбата на ликовниот израз на Исаиловски. Овој деколаж сега се појавува како транспонент на една од главните особености на овие творби. Размислувајќи за еволутивноста на човековата цивилизација, авторот се навраќа до нејзините почетоци кога системот на ликовна комуникација се состои од зграфита по пештерните зидови или пак шари по телата кои ја имаат интенција на конкретно означување. Понатаму се забележуваат разни писмени кои, задоволувајќи ги калиграфските аспекти, се јавуваат и како декоративни елементи. Во тој контекст неслучајно е и присуството на страници од дневниот печат, како особеност на Гутемберг-овата галаксија, за да во крајна инстанца се појават цитати од современите графити интервенции — давајќи со тоа овоавременски ангажман.

Тоа што во потполност го гради духот на овие слики е присуството на експресијата на формата, или начинот на градењето на фигурите и претставите во овие дела. Зошто тоа? Затоа што самиот ефект на слоевити наслаги на хартија откинати од уличните огласни места во својата суштина подразбираат агресија, бруталност, некој вид незадоволство. Има ли нешто поизразително од тој чин да се прикаже денешната состојба на духот. Тоа на прв миг може да врати назад во шеесеттите години во размислувањата на некои припадници на францускиот нов реализам, но за разлика од нив и нивните навистина откинати плакати од улиците, тука се работи за нова конструкција или создавање на илузија на нивно постоење. Робусните форми и нивните експресивни, набиени со енергија во алтернација со рафинираниот академизам на женските актови или портрети создаваат своевиден драматичен контра-ритам кој наново востановува динамика и движење.

Разгледувано од еден севкупен аспект, поливалентната структура во делата на Исаиловски обезбедува своевидна ангажираност која е поткрепена и со авторовите размислувања и желба за користење, синтеза и надградба на искуствата кои во својата историја ликовната уметност ги стекнала. Таквиот приод открива една нова светлина во неговите дела, бидејќи, само да потсетиме, во уметноста на осумдесеттите една од препознавачките особености се и навраќањата на овие искуства, со своевидна надградба. Користењето на традицијата е можност да се воспостави континуитетот на развојот на уметноста, а во овој случај да се создаде подлога за ликовната и теориска издржливост на делата.

Небојша Вилиќ



издавач
дом на младите „25 мај“ — скопје
кеј „димитар влахов“ б.б.
тел. 233-401, 233-755

за издавачот
гоце димовски

организација на изложбата
маринко бороевиќ

предговор
небојша вилиќ

печат
графички завод „гоце делчев“ — скопје

тираж
200 примероци